# КВАРТАЛЕН ИНФОГРАФИК

## за постапувањето на КСЗД за заштитата од дискриминација на жените од маргинализираните заедници

Мониторингот за постапувањето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) во однос на заштита од дискрминација на жени од маргиниализирани заедници беше спроведен во рамки на проектот „Еднаквост сега - Зајакнување на маргинализираните заедници за социјална инклузија и недискриминација". Проектот го спроведува Хелсиншкиот комитет за човекови права во партнерство со ХОПС - Опции за здрав живот Скопје и Коалиција Маргини. Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

**Период на следење**
**01.07.2025 до 30.09.2025**

| | |
|---|---|
| Вкупен број на претставки поднесени пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација | Во периодот на следење пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се поднесени **89** претставки за дискриминација |
| Број на претставки поднесени од страна на жени | Од вкупно 89 поднесени претставки во периодот на следење **30** се поднесени од страна на жени (од нив 2 се поднесени во име на дете подносител и една во име на друго лице) |
| Претставки поднесени од жени припаднички на некоја од маргинализираните заедници (жени од руралните средини, жени од ЛГБТИ заедницата, жени кои употребуваат дроги, сексуални работнички, осуденички, бездомнички) | **2** претставки се поднесени од страна на жени со место на живеење во рурална средина. |
| Број на претставки поднесени од жени од Скопскиот плански регион | **15** претставки се поднесени од жени со место на живеење во општините од Скопскиот плански регион |
| Начин на поднесување на претставките (онлајн или на конвенционален начин) | **17** претставки се поднесени онлајн (електронска претставка преку веб страницата на Комисијата или на поднесок испратен на е-пошта на Комисијата)<br>**13** претставки се поднесени на конвенционален начин (пошта или директно во просториите на Комисијата) |
| Број на отфрлени претставки поднесени од страна на жени | Во извештајниот период Комисијата донела **14** заклучоци за отфрлање на претставка, односно за непостапување или запирање на постапката. |
| Број на отфрлени претставки од жени припаднички на маргинализираните заедници | Во извештајниот период Комисијата нема отфрлени претставки поднесени од жени припаднички на маргинализираните заедници, односно жени од рурални средини |
| Број на претставки поднесени од жени во кои Комисијата утврдила дискриминација/ интерсекциска дискриминација | Од претставките поднесени во извештајниот период од 01.07.2025 до 30.09.2025 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема донесено мислење со кое се утврдува дискриминација |

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА · ХОПС ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ · Коалиција МАРГИНИ · CIVICA MOBILITAS · Schweizerische Eidgenossenschaft, Confédération suisse, Confederazione Svizzera, Confederaziun svizra, Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Цивика мобилитас е проект на Владата на Швајцарија, кој го спроведуваат МЦМС, НИРАС и ФЦГ.
Мислењата кои се изразени овде не нужно ги одразуваат ставовите на Швајцарската Влада, Цивика мобилитас или организациите што ја спроведуваат.